| Добивка / Загуба за тековната година | 340 | -4.765 | -1.622 | -1.129 |
| Акумулирана добивка | 6.486 | 6.826 | 1.759 | 130 |
| | | | | |
| НЕТЕКОВНИ ОБВРСКИ | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Долгорочни кредити | | | | |
| Одложени приходи | | | | |
| | | | | |
| ТЕКОВНИ ОБВРСКИ | 4.419 | 7.424 | 9.332 | 16.528 |
| Обврски спрема добавувачи | 3.894 | 6.405 | 8.727 | 16.335 |
| Обврски за примени аванси | | 848 | 0 | 193 |
| Краткорочни кредити и позајмици | | | | |
| Останати краткорочни обврски | 526 | 171 | 605 | |
| | | | | |
| ВКУПНИ ОБВРСКИ | 4.419 | 7.424 | 9.332 | 16.528 |

СИЦ **АМ**

Финансиски извештаи за

# СИЦ АМ БИТОЛА

# БИЛАНС НА УСПЕХ – СИЦ АМ Битола

| СИЦ АМ БИТОЛА БИЛАНС НА УСПЕХ | FY 2019 | | FY 2020 | | FY 2021 | | FY 2022 | | 2022 vs 2021 % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 000 МКД | % нср | 000 МКД | % нср | 000 МКД | % нср | 000 МКД | % нср | |
| ПРИХОДИ ОД ПРОДАЖБА НА УСЛУГИ | 29.283 | 100% | 31.206 | 100% | 35.275 | 100% | 30.930 | 100% | -12,3% |
| Трошоци за вработени | 10.386 | 35% | 10.347 | 33% | 11.403 | 32% | 11.841 | 38% | 3,8% |
| Оперативни трошоци (OPEX) | 5.221 | 18% | 6.132 | 20% | 4.776 | 14% | 6.036 | 20% | 26,4% |
| Амортизација | 762 | 3% | 1.265 | 4% | 1.165 | 3% | 541 | 2% | -53,5% |
| ВКУПНИ ТРОШОЦИ | 16.369 | 56% | 17.744 | 57% | 17.344 | 49% | 18.419 | 60% | 6,2% |
| ОПЕРАТИВНА ДОБИВКА | 12.914 | 44% | 13.462 | 43% | 17.931 | 51% | 12.511 | 40% | -30,2% |
| Приходи од дивиденди | | 0% | | | | | | | |
| Вонредни расходи - донација | -5.710 | -19% | | | | | | | |
| EBIT | 7.204 | 25% | 13.462 | 43% | 17.931 | 51% | 12.511 | 40% | -30,2% |
| EBITDA | 7.966 | 27% | 14.727 | 47% | 19.096 | 54% | 13.053 | 42% | -31,6% |
| Финансиски приход | 0 | 0% | 0 | 0% | 0 | 0% | 0 | 0% | |
| Финансиски расход | 0 | 0% | 0 | 0% | 0 | 0% | 0 | 0% | |
| Данок на добивка | 1.360 | 5% | 1.403 | 4% | 1.833 | 5% | 1.322 | 4% | |
| НЕТО ДОБИВКА (NP) | 5.844 | 20% | 12.059 | 39% | 16.098 | 46% | 11.190 | 36% | -30,5% |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ОП (%) | 44,1% | 43,1% | 50,8% | 40,5% |
| НЕТО ПРОФИТНА МАРЖА | 20,0% | 38,6% | 45,6% | 36,2% |

# БИЛАНС НА СОСТОЈБА – СИЦ АМ Битола

| СИЦ АМ БИТОЛА<br>БИЛАНС НА СОСТОЈБА<br>Структура / опис | FY 2019<br>000 МКД | FY 2020<br>000 МКД | FY 2021<br>000 МКД | FY 2022<br>000 МКД |
|---|---|---|---|---|
| СРЕДСТВА | 13.323 | 18.028 | 23.098 | 14.644 |
| НЕТЕКОВНИ СРЕДСТВА | 2.175 | 2.484 | 2.520 | 444 |
| Недвижности, постројки и опрема | 2.175 | 2.484 | 2.520 | 444 |
| Недвижности даени под закуп | | | | |
| ТЕКОВНИ СРЕДСТВА | 11.148 | 15.544 | 20.578 | 14.199 |
| Залихи | | | | |
| Побарувања од купувачи | 0 | 0 | 12.000 | 8.363 |
| Останати тековни средства и АВР | 96 | 7.270 | 1.625 | 171 |
| Парични средства и парични еквиваленти | 11.052 | 8.274 | 6.953 | 5.666 |
| ГЛАВНИНА И ОБВРСКИ | 13.322 | 18.028 | 23.098 | 14.643 |
| ГЛАВНИНА | 8.838 | 15.397 | 19.495 | 14.206 |
| Акционерски капитал (Основна главнина) | 310 | 310 | 310 | 310 |
| Резерви | 230 | 230 | 230 | -230 |
| Објективна вредност и останати резерви | | | | |
| Добивка за тековната година | 5.844 | 12.059 | 16.098 | 11.190 |
| Акумулирана добивка | 2.454 | 2.798 | 2.857 | 2.936 |
| НЕТЕКОВНИ ОБВРСКИ | 3.332 | 1.667 | 850 | 0 |
| Долгорочни кредити | 3.332 | 1.667 | 850 | 0 |
| Одложени приходи | | | | |
| ТЕКОВНИ ОБВРСКИ | 1.152 | 964 | 2.753 | 438 |
| Обврски спрема добавувачи | 174 | 313 | 1.335 | 22 |
| Останати краткорочни обврски | 978 | 651 | 1.418 | 416 |
| ВКУПНИ ОБВРСКИ | 4.484 | 2.631 | 3.603 | 438 |

0 0

| СИЦ АМ БИТОЛА | FY 2019 | FY 2020 | FY 2021 | FY 2021 |
|---|---|---|---|---|
| ROA | 44% | 67% | 70% | 76% |
| ROE | 66% | 78% | 83% | 79% |

АУТО 1 РЕНТ

Финансиски извештаи за

# АУТО 1 РЕНТ

# БИЛАНС НА УСПЕХ – АУТО 1 РЕНТ

| АУТО 1 РЕНТ БИЛАНС НА УСПЕХ | FY 2019 | | FY 2020 | | FY 2021 | | FY 2022 | | 2022 vs 2020 % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 000 МКД | % нср | 000 МКД | % нср | 000 МКД | % нср | 000 МКД | % нср | |
| ПРИХОДИ ОД ПРОДАЖБА НА УСЛУГИ И ПРОИЗВОДИ | 2.299 | 100% | 4.010 | 100% | 6.968 | 100% | 16.099 | 100% | 131,1% |
| Трошоци за вработени | 754 | 33% | 896 | 22% | 911 | 13% | 949 | 6% | 4,2% |
| Оперативни трошоци (OPEX) | 1.911 | 83% | 1.051 | 26% | 2.027 | 29% | 4.621 | 29% | 127,9% |
| Амортизација | 478 | 21% | 2.063 | 51% | 3.902 | 56% | 9.758 | 61% | 150,1% |
| ВКУПНИ ТРОШОЦИ | 3.143 | 137% | 4.009 | 100% | 6.840 | 98% | 15.328 | 95% | 124,1% |
| ОПЕРАТИВНА ДОБИВКА | -844 | -37% | 1 | 0% | 128 | 2% | 772 | 5% | 504,5% |
| Приходи од дивиденди | | 0% | | 0% | | 0% | | 0% | |
| Вонредни расходи - донација | | 0% | | 0% | | 0% | | 0% | |
| EBIT | -844 | -37% | 1 | 0% | 128 | 2% | 772 | 5% | 504,5% |
| EBITDA | -366 | -16% | 2.064 | 51% | 4.030 | 58% | 10.530 | 65% | 161,3% |
| Финансиски приход | 0 | 0% | 0 | 0% | 0 | 0% | 0 | 0% | |
| Финансиски расход | 0 | 0% | 0 | 0% | 43 | 1% | 0 | 0% | -100,0% |
| Данок на добивка | 0 | 0% | 0 | 0% | 20 | 0% | 89 | 1% | 345,0% |
| НЕТО ДОБИВКА (NP) | -844 | -37% | 1 | 0% | 65 | 1% | 683 | 4% | 956,0% |

# БИЛАНС НА СОСТОЈБА – АУТО 1 РЕНТ

| АУТО 1 РЕНТ<br>БИЛАНС НА СОСТОЈБА | FY 2019 | FY 2020 | FY 2021 | FY 2022 |
|---|---|---|---|---|
| | 000 МКД | 000 МКД | 000 МКД | 000 МКД |
| СРЕДСТВА | 7.288 | 11.771 | 34.914 | 61.236 |
| НЕТЕКОВНИ СРЕДСТВА | 6.636 | 11.233 | 32.911 | 52.164 |
| Недвижности, постројки и опрема | 6.636 | 11.233 | 32.911 | 52.164 |
| Нематеријални средства | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | | | | |
| ТЕКОВНИ СРЕДСТВА | 653 | 539 | 2.003 | 9.072 |
| Залихи | | | | |
| Побарувања од купувачи | 100 | 262 | 167 | 3.846 |
| Побарувања за дадени аванси | | | | 1.047 |
| Останати тековни средства и АВР | 389 | 45 | 1.115 | 3.427 |
| Парични средства и парични еквиваленти | 164 | 232 | 721 | 752 |
| | | | | |
| ГЛАВНИНА И ОБВРСКИ | 7.288 | 11.771 | 34.918 | 61.234 |
| ГЛАВНИНА | -534 | -533 | -468 | 229 |
| Акционерски капитал (Основна главнина) | 310 | 310 | 310 | 310 |
| Резерви | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Добивка / загуба за тековната година | -844 | 1 | 65 | 683 |
| Акумулирана добивка | 0 | -844 | -843 | -764 |
| | | | | |
| НЕТЕКОВНИ ОБВРСКИ | 0 | 0 | 8.713 | 5.638 |
| Долгорочни кредити | 0 | 0 | 8.713 | 5.638 |
| Одложени приходи | | | | |
| | | | | |
| ТЕКОВНИ ОБВРСКИ | 7.822 | 12.304 | 26.674 | 55.368 |
| Обврски спрема добавувачи | 6.744 | 11.097 | 24.189 | 50.589 |
| Обврски за примени аванси | | | | 4.711 |
| Краткорочни кредити и позајмици | 500 | 211 | 14 | 68 |
| Останати краткорочни обврски | 578 | 996 | 2.471 | 0 |
| | | | | |
| ВКУПНИ ОБВРСКИ | 7.822 | 12.304 | 35.386 | 61.006 |

АМ БРОКЕР

Финансиски извештаи за

# АМ БРОКЕР АД

# БИЛАНС НА УСПЕХ – АМ БРОКЕР АД

АМ БРОКЕР АД Скопје е во 40% во сопственост на Аутомакедонија АД Скопје. Согласно презентираните финансиски извештаи АМ Брокер АД ја заврши 2022 година со позитивен финансиски резултат во вредност од 4,5 милиони денари нето добивка и главнина од 23,6 милиони денари.

| АМ БРОКЕР АД БИЛАНС НА УСПЕХ | FY 2019 | | FY 2020 | | FY 2021 | | FY 2022 | | 2022 vs 2021 % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 000 МКД | % нср | 000 МКД | % нср | 000 МКД | % нср | 000 МКД | % нср | |
| ПРИХОДИ ОД ПРОДАЖБА НА УСЛУГИ | 27.326 | 100% | 22.220 | 100% | 31.016 | 100% | 40.315 | 100% | 30,0% |
| Трошоци за вработени | 7.158 | 26% | 7.362 | 33% | 7.859 | 25% | 9.073 | 23% | 15,5% |
| Оперативни трошоци (OPEX) | 13.657 | 50% | 11.292 | 51% | 15.480 | 50% | 22.776 | 56% | 47,1% |
| Амортизација | 186 | 1% | 186 | 1% | 320 | 1% | 416 | 1% | 29,7% |
| ВКУПНИ ТРОШОЦИ | 21.001 | 77% | 18.840 | 85% | 23.659 | 76% | 32.264 | 80% | 36,4% |
| ОПЕРАТИВНА ДОБИВКА | 6.325 | 23% | 3.380 | 15% | 7.356 | 24% | 8.051 | 20% | 9,4% |
| Приходи од дивиденди | | 0% | | | | | | | |
| Вонредни расходи | -1.440 | -5% | -2.072 | | -1.446 | | -2.664 | | 84,2% |
| EBIT | 4.885 | 18% | 1.309 | 6% | 5.910 | 19% | 5.387 | 13% | -8,9% |
| EBITDA | 5.071 | 19% | 1.495 | 7% | 6.231 | 20% | 5.803 | 14% | -6,9% |
| Финансиски приход | 0 | 0% | 0 | 0% | 0 | 0% | 0 | 0% | |
| Финансиски расход | 32 | 0% | 32 | 0% | 0 | 0% | 0 | 0% | |
| Данок на добивка | 649 | 2% | 262 | 1% | 535 | 2% | 921 | 2% | 72,1% |
| НЕТО ДОБИВКА (NP) | 4.204 | 15% | 1.015 | 5% | 5.375 | 17% | 4.466 | 11% | -16,9% |
| НЕТО ПРОФИТНА МАРЖА | 15,4% | | 4,6% | | 17,3% | | 11,1% | | |

# БИЛАНС НА СОСТОЈБА – АМ БРОКЕР АД

| АМ БРОКЕР АД<br>БИЛАНС НА СОСТОЈБА<br>Структура / опис | FY 2019<br>000 МКД | FY 2020<br>000 МКД | FY 2021<br>000 МКД | FY 2022<br>000 МКД |
|---|---|---|---|---|
| СРЕДСТВА | 20.156 | 21.135 | 28.459 | 32.542 |
| НЕТЕКОВНИ СРЕДСТВА | 395 | 355 | 1.120 | 850 |
| Недвижности, постројки и опрема | 395 | 355 | 1.120 | 850 |
| Долгорочни побарувања од купувачи | | | | |
| | | | | |
| ТЕКОВНИ СРЕДСТВА | 19.761 | 20.780 | 27.339 | 31.692 |
| Залихи | | | | |
| Побарувања од купувачи | 7.600 | 6.638 | 11.535 | 10.235 |
| Побарувања за дадени аванси | | | | |
| Останати тековни средства и АВР | 7.250 | 6.206 | 6.809 | 9.913 |
| Парични средства и парични еквиваленти | 4.911 | 7.936 | 8.995 | 11.544 |
| | | | | |
| ГЛАВНИНА И ОБВРСКИ | 20.156 | 21.135 | 28.459 | 32.543 |
| ГЛАВНИНА | 17.920 | 18.940 | 23.300 | 23.566 |
| Акционерски капитал | 3.075 | 3.075 | 3.075 | 3.075 |
| Резерви | 887 | 887 | 887 | 887 |
| Добивка за деловната година | 4.204 | 1.015 | 5.375 | 4.466 |
| Акумулирана добивка | 9.754 | 13.963 | 13.963 | 15.138 |
| | | | | |
| НЕТЕКОВНИ ОБВРСКИ | 0 | 0 | 830 | 461 |
| Долгорочни кредити | | | 830 | 461 |
| Одложени приходи | | | | |
| | | | | |
| ТЕКОВНИ ОБВРСКИ | 2.236 | 2.195 | 4.329 | 8.516 |
| Обврски спрема добавувачи | 2.137 | 1.833 | 2.633 | 6.036 |
| Останати краткорочни обврски | 99 | 362 | 1.696 | 2.480 |
| | | | | |
| ВКУПНИ ОБВРСКИ | 2.236 | 2.195 | 5.159 | 8.977 |

| АМ БРОКЕР | FY 2019 | FY 2020 | FY 2021 | FY 2022 |
|---|---|---|---|---|
| ROA | 21% | 5% | 19% | 14% |
| ROE | 23% | 5% | 23% | 19% |

# ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТИ – АМ ГРУПАЦИЈА 2022

| АУТОМАКЕДОНИЈА ГРУПАЦИЈА | | | |
|---|---|---|---|
| ИЛЈАДИ МКД | | | |
| Компанија | НЕТО ДОБИВКА 2021 | НЕТО ДОБИВКА 2022 | 2022 вс 2021 |
| АУТОМАКЕДОНИЈА ПОЕДИНЕЧНО | 13.661 | 24.492 | 79% |
| АУТОМАКЕДОНИЈА ЗА КОНС. (БЕЗ ДИВИДЕНДИ) | 1.661 | 6.492 | 291% |
| АМ ЦЕРТ | -1.622 | -1.129 | 30% |
| А1 РЕНТ | 61 | 683 | 1020% |
| СИЦ БИТОЛА | 16.081 | 11.190 | -30% |
| АМ БРОКЕР КОНТРОЛИРАН 40% | 2.152 | 1.785 | -17% |
| АМ ГРУПАЦИЈА КОНСОЛИДИРАНО | 18.333 | 19.021 | 4% |
| АМ БРОКЕР НЕКОНТРОЛИРАН 60% | 3.228 | 2.677 | -17% |
| АМ БРОКЕР ВКУПНО | 5.380 | 4.462 | -17% |
| АМ ГРУПАЦИЈА ВКУПНО | 21.561 | 21.698 | 1% |

# Заклучни согледувања 2022 и Плански проекции 2023

## ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА И ПЛАНСКИ ПРОЕКЦИИ ЗА 2023-та година

По успешната 2022-ра година и резултати остварени во исклучително отежнувачки инфлаторни услови, предвидувањата за 2023 година од макроеконосмки аспект, најавуваат одредено ценовно стабилизирање и едноцифрена инфлација, меѓутоа последните сигнали што доаѓаат од најразвиеноите светски економии и нивните финансиски пазари најавуваат исклучително непредвидлива година.

Од внатрешна компаниска перспектива, плановите и насоките за 2023 година се базираат на продолжување на успешните програми и тактитки и поправање на одредени недоследности и можат да бидат сумирани како што следи:

- Раст во делот на комерцијални товарни возила со јасен фокус на деловни клиенти – дистрибутерски компании
- Профилирање како најстабилен партнер за општински јавен транспорт (бренд, сервис, подршка, ресурси)
- Континуитет и зголемување во сервисната дејност преку нови флотни договори со деловни клиенти
- Поагресивен раст во брокерските услуги
- Реструктуирање на АМ Церт

Следствено и покрај непредвидливоста, особено во втората половина од 2023-та година, очекуваме подобрени оперативни и финансиски параметри од работењето и проекција за остварување на раст на консолидираните нето приходи за 15% и соодветен раст на остварената консолидирана Нето добивка по оданочување во однос на 2022 година.

75 YEARS

AUTOMAKEDONIJA

GROUP

**ПРЕДЛОГ**

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Извештајот за работењето на Аутомакедонија АД Скопје за деловната 2022 година**

Врз основа на член 383. од Законот за трговските друштва, Собранието на акционерите на "Аутомакедонија" АД Скопје на одржаната XXVI-та Седница на ден 30.05.2023 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Извештајот за работењето на**
**Аутомакедонија АД Скопје за деловната 2022 година**

Член 1

Се усвојува Годишниот извештај за работењето на "Аутомакедонија" АД Скопје за деловната 2022 година.

Член 2

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

***Одлука бр. ________________________ / 30.05.2023 година***

**"АУТОМАКЕДОНИЈА" АД СКОПЈЕ**
СОБРАНИЕ
Претседавач

# И З В Е Ш Т А Ј

## за работењето на Управниот одбор и Надзорниот одбор на “Аутомакедонија” АД Скопје за 2022 година

# И З В Е Ш Т А Ј
## за работењето на Управниот одбор на Аутомакедонија АД Скопје за деловната 2022 година

Согласно одредбите од Законот за трговските друштва и Статутот на друштвото, Управниот одбор секоја година поднесува Извештај за својата работа до Собранието на акционерите на Аутомакедонија АД Скопје.

Управниот одбор, како орган со најшироки овластувања во управувањето на Друштвото, односно во вршењето на сите работи поврзани со водењето на работите и на тековните активности, ја извршуваше својата функција и задачи во создавање на услови за законито, рентабилно и економично работење на Друштвото.

Во текот на 2022 година, Управниот одбор во континуитет ја следеше и насочуваше работата, одржуваше редовни седници на кои беа разгледувани сите известувања и податоци што се однесуваа на редовното работење на друштвото : извештаи за финансиското работење, состојби на побарувања и обврски во земјата и странство, трошоците на работењето, расправаше за прашања од тековното работење и во согласност со тоа донесуваше соодветни одлуки, препораки, заклучоци и насоки за остварување на планските задачи и решавање на тековните прашања.

**Информација за донесени одлуки за извештајниот период:**

Во извештајниот период Управниот одбор своите седници ги одржуваше дел по електронски пат и преку видео врска, а дел со физичко присуство. На одржаните седници Управниот одбор ги разгледуваше и расправаше за сите значајни прашања од тековното работење, а особен акцент посветуваше на разгледување на финансиските извештаи.

Содржински одлуките се однесуваа на прашања од тековното работење, ги издвојуваме следниве :

- Усвојување на извештајот од Централната пописна комисија за извршениот попис на средствата и изворите на средствата за Аутомакедонија АД Скопје, извештаите на пописните комисии на АМ ЦЕРТ ДООЕЛ Скопје, СИЦ АМ ДООЕЛ Битола, со состојби како во извештаите на пописните комисии и усвојување на предлозите за отпис на побарувања, со состојба 31.12.2021,
- Ги усвои финансиските извештаи, Годишниот извештај за работењето како и резултатите за Годишната сметка од работењето на Аутомакедонија АД Скопје за деловната 2021 година на Аутомакедонија АД Скопје, ги разгледа и усвои Годишните сметки на фирмите ќерки, на АМ ЦЕРТ ДООЕЛ Скопје, СИЦ АМ ДООЕЛ Битола и АУТО 1 РЕНТ ДООЕЛ Скопје, ги разгледа и постигнатите резултатите на АМ БРОКЕР АД Скопје за 2021 година.
- Управниот одбор во февруари 2022 година, ги разгледа понудите и даде целосна подршка на проект-инвестицијата за инсталирање на фотоволтаици на објекти на Аутомакедонија.
- Во декември 2022 година електроцентралата ФЕЦ АУТОМАКЕДОНИЈА СОЛАР, изградена на деловниот објект во Општина Гази Баба, отпочна со производство на електрична енергија.
- Разгледување на материјали по точките од дневниот ред за XXV-та седница на Собранието на акционери на Аутомакедонија АД Скопје. Седницата е одржана на 30.05.2022 година.

- Управниот одбор го разгледа и усвои Деловниот план за работење на Аутомакедонија АД Скопје за 2022 година и ги разгледа главните постулати на Деловниот план за работење на Аутомакедонија за 2023 година.
- Разгледување на неревидираните единечни финансиски извештаи и неревидираните консолидирани финансиски извештаи за период од 01.01.2022 година до 30.09.2022 година и тоа по сите структури: биланс на успех, биланс на состојба, известување за паричен тек и друго.
- Разгледување на финансиски извештаи на компаниите во групацијата, споредбено со претходните години, заради потребата од согледување и носење на одржливи одлуки, давање насоки и препораки за остварување на планските задачи и утврдување стратегија за наредниот период.
- Управниот одбор во 2023 година ги разгледа материјалите по точките од дневниот ред за XXVI-та седница на Собранието на акционери на Аутомакедонија АД Скопје и го свика Собранието на акционери.

Управниот одбор во остварување на обврските кон акционерите, чии интереси примарно ги претставува и во остварување на обврските кон останатите вработени, обезбеди компетентен менаџмент, адекватни планови и обезбеди вршење на работни активности за остварување на утврдената деловна политика и за тековната 2023 година.

Управниот одбор по анализа на сите елементи од работењето на компанијата, заклучи дека се постигнатите позитивни резултати во 2022 година.

Работењето на Управниот одбор во текот на 2022 година беше во рамките на надлежностите утврдени во Законот за трговските друштва и Статутот на Аутомакедонија АД Скопје.

Според претходноизнесеното, се предлага Собранието на акционери на Аутомакедонија да го усвои Извештајот за работењето и да одобри работењето на Управниот одбор на Аутомакедонија АД Скопје за 2022 година.

**АУТОМАКЕДОНИЈА АД СКОПЈЕ**
Управен одбор
Џон Јоновски, Претседател, с.р.

# И З В Е Ш Т А Ј
## за работењето на Надзорниот одбор на Аутомакедонија АД Скопје за деловната 2022 година

Согласно член 380 од Законот за трговските друштва и овластувањата утврдени во Статутот на Друштвото, Надзорниот одбор на Аутомакедонија АД Скопје во тековната 2022 година вршеше надзор на работењето и управувањето во друштвото, преку седници чии точки на дневен ред беа во надлежност на Надзорниот одбор, определени со Закон, точки предложени од страна на Управниот одбор како информации за работењето и актуелните настани и состојби во Друштвото во извештајниот период. Надзорниот одбор вршеше надзор на законитото и финансиско работење на Друшвото како и надзор врз управувањето со друштвото што го врши Управниот одбор на Друштвото.

Преку разгледување на одлуките, финансиските извештаи и предлозите донесувани од Управниот одбор, Надзорниот одбор вршеше контрола во сите сегменти од работењето на Друштвото.

Согласно Законот за трговските друштва еден месец пред одржување на Годишното собрание Надзорниот одбор на седницата ги разгледа материјалите по точките од дневниот ред и донесе одлуки кои се од проширена надлежност, точно прецизирана во Законот за трговските друштва: доставување на Извештајот од Внатрешниот ревизор и Планот за внатрешна ревизија за наредната година кои беа доставени до Собранието за донесување одлуки по истите.

Во извештајниот период Надзорниот одбор своите седници ги одржуваше дел по електронски пат и преку видео врска, а дел со физичко присуство.

На одржаните седници Надзорниот одбор вршеше увид, надзор врз управувањето со Друштвото од страна на Управниот одбор на Друштвото.

На седницата од 28.02.2022 година Надзорниот Одбор ги разгледа резултатите од Годишната сметка за деловната 2021 година на Аутомакедонија АД Скопје, ги разгледа и Годишните сметки на фирмите-ќерки АМ ЦЕРТ ДООЕЛ Скопје, СИЦ АМ ДООЕЛ Битола и АУТО 1 РЕНТ ДООЕЛ Скопје. Ги разгледа и постигнатите резултати на Друштвото АМ БРОКЕР АД Скопје, каде Аутомакедонија има свој удел. На истата седница на членовите на Надзорниот одбор им беше презентирана и проект-инвестицијата за изградба на фотоволтаични централи на објектите на Аутомакедонија.

Членовите на Надзорниот одбор на седницата од 28.04.2022 година, го доставија извештајот од Внатрешниот ревизор до Собранието на акционери за 2021 година и планот за внатрешната ревизија за 2022 година, го разгледаа материјалот по точките од дневниот ред за XXV-тата Седница на Собранието на акционери на Аутомакедонија АД Скопје и дадоа согласност на предлог-одлуките од материјалот.

На седницата од 25.11.2022 година Надзорниот одбор ја разгледа и усвои информцијата за резултатите од работењето на Аутомакедонија АД Скопје во период од

01.01.2022 година до 30.09.2022 година. Ги разгледа и главните постулати на Деловниот план за работењето на Аутомакедонија АД Скопје за 2023 година. Го усвои полугодишниот Извештај и извештајот за третиот квартал на Службата за внатрешна ревизија за 2022 година.

На седницата од 23.12.2022 година Надзорниот одбор ги разгледа информациите за имотот на Друштвото во Кисела Вода 1 и за деловниот објект Злокуќани.

На 07.04.2023 година ја рагледа и одобри завршната сметка за 2022 година на Аутомакедонија АД Скопје. Го усвои извештајот на Службата за внатрешна ревизија за четвртиот квартал за 2022 година и годишниот план за 2023 година. Донесе Одлука за исплата на бонус на Генералниот директор и Одлука за утврдување на надомест на членовите на Управниот одбор на Аутомакедонија АД Скопје.

Од претходно изнесеното и континуираното следење на финансиските резултати и работењето на Управниот одбор, Надзорниот одбор констатира дека Управниот одбор своите активности ги обавувал во рамките на своите надлежности, согласно законските прописи, Статутот и другите акти на Друштвото. Во континуитет е следена ликвидноста и економски стабилната состојба на Друштвото за целиот претходен период. Тоа се потврдува и од остварените позитивни финансиските резултати и од бонитетот на фирмата.

Работењето на Надзорниот одбор во текот на 2022 година беше во рамките на надлежностите утврдени во Законот за трговските друштва и Статутот на Аутомакедонија АД Скопје.

На основа погореизнесеното Надзорниот одбор му предлага на Собранието на акционерите на Аутомакедонија да го усвои предложениот Извештај и да ја одобри работата на Надзорниот одбор.

**АУТОМАКЕДОНИЈА АД СКОПЈЕ**
Надзорен одбор,
Панче Нефтенов, Претседател, с.р.

**ПРЕДЛОГ**

# О Д Л У К И

## за одобрување на работата на членовите на Управниот одбор и членовите на Надзорниот одбор на “Аутомакедонија” А.Д. Скопје за 2022 година

Врз основа на член 383. од Законот за трговските друштва, Собранието на акционерите на “Аутомакедонија” АД Скопје на одржаната XXVI-та Седница на ден 30.05.2023 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за одобрување на работата на членовите на Управниот одбор на “Аутомакедонија” А.Д. Скопје за 2022 година**

Член 1.

Се одобрува работата на членовите на Управниот одбор на “Аутомакедонија” АД Скопје за 2022 година.

Член 2.

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

***Одлука бр. ________________________ / 30.05.2023 година***

**“АУТОМАКЕДОНИЈА” АД СКОПЈЕ**
СОБРАНИЕ
Претседавач

Врз основа на член 383. од Законот за трговските друштва, Собранието на акционерите на "Аутомакедонија" АД Скопје на одржаната XXVI-та Седница на ден 30.05.2023 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за одобрување на работата на членовите на Надзорниот одбор на "Аутомакедонија" А.Д. Скопје за 2022 година**

Член 1.

Се одобрува работата на членовите на Надзорниот одбор на "Аутомакедонија" АД Скопје за 2022 година.

Член 3.

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

***Одлука бр. ________________________ / 30.05.2023 година***

**"АУТОМАКЕДОНИЈА" АД СКОПЈЕ**
СОБРАНИЕ
Претседавач

# И З В Е Ш Т А Ј

## за работата на Внатрешната ревизија за 2022 година
## и План за 2023 година

## Содржина


1. Вовед
2. Преглед на извршени ревизии во текот на 2022
3. Оценка на адекватноста и ефикасноста на системите за внатрешна контрола
4. Наоди, предложени мерки и нивно спроведување
5. Останати активности на внатрешната ревизија

## 1.ВОВЕД

Службата за внатрешна ревизија е независен оргазиционен дел која е фукционално и организациски одвоена од останатаите делови на компанијата. Организациската поставеност, правата, одговорностите и односите со другите организациски единици на Друштвото се одредени од страна на Надзорниот орган на ВВ Тиквеш.

При извршување на своите активности внатрешната ревизија вршеше ревизија на законитоста, правилноста и ажурноста на работењето на Друштвото преку:

- оценка на адекватноста и ефикасноста на системите за внатрешна контрола;
- оцена на спроведувањето на интерните политики, процедури и законската регулатива како и деловната политика на Друштвото и нивно следење;
- оцена на поставеноста на информатичкиот систем;
- оцена на точноста и веродостојната на трговските книги и финаските извештаи;
- проверка на точноста, веродостојноста и навременоста во известувањето согласно со прописите;

Службата за внатрешна ревизија согласно Законот за трговски друштва изготви Годишен извештај за своето работење во текот на 2022 година и го достави на разгледување и одобрување на Управниот одбор на Друштвото.

Годишниот извештај за работењето на Службата за внатрешна ревизија во текот на 2022 ги содржи следниве информации:

- Преглед на извршени ревизии во текот на 2022;
- Оценка на адекватноста и ефикасноста на системите за внатрешна контрола;
- Наоди, предложени мерки и нивно спроведување;
- Останати активности на Внатрешната ревизија во текот на периодот за кој се однесува овој извештај.

## 2. Преглед на извршени ревизии во текот на 2022 година

Во текот на 2022 година службата за внатрешна ревизија ги релизираше активностите согласно планот на работењето на внатрешната ревизија за 2022 година, кој се базираше на оценка на степенот на ризичност, знаење на областа која се ревидира и временски интервал.

При тоа се настојуваше да бидат контролирани сите организациски делови (сектори, служби и работни места-извршители) и работни процеси на Друштвото кои беа опфатени во годишниот план.

Ревизиите беа извршени преку имплементација на интерното упаство и процедурите усогласени со стндардите за професионална примена на внатрешната ревизија.

Во првиот квартал на 2022 година, како што беше и планирано во Годишниот план за работењето на службата, прво се изготви годишниот Извештај за работењето на Службата за

внатрешна ревизија за деловната 2021 година. Истиот беше уредно доставен и усвоен од страна на Надзорниот одбор.

Во првиот квартал од страна на внатрешниот ревизор беше доставено барање до сите секторски раководители, кои не доставиле, да ги достават своите пишани процедури кои преставуваа појдовна основа за работа на внатрешната ревизија.

Во третиот квартал беше изработен полугодишниот Извештај за работењето на Службата за внатрешна ревизија кој беше усвоен од страна на Надзорниот Одбор.

Во периодот јануари-декември 2022 година релизирани се следниве ревизии по оделни области на работењето на Друштвото:

**Преглед на извршени ревизии во текот на 2022 година**

| Р.бр. | Реализирани интерни ревизии за 2022 | Период во 2022 |
|---|---|---|
| 1 | Бизнис план | Јануари/Февруари/Март |
| 2 | Конфирмации на салда | Јануари/Февруари/Март |
| 3 | Тест конфирмации од добавувачи | Јануари/Февруари/Март |
| 4 | Тест конфирмации од купувачи | Јануари/Февруари/Март |
| 5 | Процедура за управување со записи (процедурата се повторува во Q2 и Q3) | Јануари/Февруари/Март |
| 6 | Процедура за следење на законски прописи | Јануари/Февруари/Март |
| 7 | Процедура за воспоставување на општи и посебни цели и програми | Јануари/Февруари/Март |
| 8 | Процедура за планирање | Јануари/Февруари/Март |
| 9 | Процедура за преиспитување | Јануари/Февруари/Март |
| 10 | Процедура за сервисирање на возила | Јануари/Февруари/Март |
| 11 | Процес реализација | Јануари/Февруари/Март |
| 12 | Процедура за продажба | Јануари/Февруари/Март |
| 13 | Продажба на сервисни услуги | Јануари/Февруари/Март |
| 14 | Цени | Јануари/Февруари/Март |
| 15 | Процедура за планирање и развој на нова услуга | Јануари/Февруари/Март |
| 16 | Процедура за комуникација | Јануари/Февруари/Март |
| 17 | Процедура за управување со мерна и контролна опрема | Јануари/Февруари/Март |
| 18 | Процедура за мерење, анализа и подобрување | Јануари/Февруари/Март |
| 19 | Процедура за спроведување на интерни проверки (процедурата се повторува во Q3) | Јануари/Февруари/Март |
| 20 | Процедура за управување со неусогласености (процедурата се повторува во Q3) | Јануари/Февруари/Март |
| 21 | Процедура за спроведување на корективни мерки (процедурата се повторува во Q3) | Јануари/Февруари/Март |
| 22 | Процедура за спроведување на превентивни мерки(процедурата се повторува во Q3) | Јануари/Февруари/Март |
| 23 | Процедура за оценка на ризици и управување (процедурата се повторува во Q4) | Јануари/Февруари/Март |
| 24 | Тестирање на одобрени попусти | Јануари/Февруари/Март |
| 25 | Тестирање на технички преглед АМ ЦЕРТ | Јануари/Февруари/Март |

| | | |
|---|---|---|
| 26 | Тестирање на тендерски постапки | Јануари/Февруари/Март |
| 27 | Тестирање на продажба преку агенти | Јануари/Февруари/Март |
| 28 | Тестирање на сите упатства и образци кои се однесуваат на овие процедури и записи | Јануари/Февруари/Март |
| 29 | Процедура за склучување на договори | Април/Мај/ Јуни |
| 30 | Процедура за службени патувања | Април/Мај/ Јуни |
| 31 | Процедура за користење на службени автомобили и приватни автомобили за службени цели е изработена чека одобрување | Април/Мај/ Јуни |
| 32 | Процедура за службени мобилни телефони | Април/Мај/ Јуни |
| 33 | Процедура за репрезентација, спонзорство, корпоративни активности, деловно гостопримство | Април/Мај/ Јуни |
| 34 | Процедура за иницирање и одобрување на маркетинг и комерцијални трошоци за сите пазари | Април/Мај/ Јуни |
| 35 | Процедура за нормирање на крш/растур | Април/Мај/ Јуни |
| 36 | Кредитна политика | Април/Мај/ Јуни |
| 37 | Постапка за тек на влезни финансиски документи | Април/Мај/ Јуни |
| 38 | Постапка за контрола и верификација на излезни фактури | Април/Мај/ Јуни |
| 39 | Процедура за спроведување на денарски и девизни налози за плаќање во банки | Април/Мај/ Јуни |
| 40 | Ревизија во организациската структура | Април/Мај/ Јуни |
| 41 | Тестирање на сите упатства и образци кои се однесуваат на овие процедури и записи | Април/Мај/ Јуни |
| 42 | Тест процес на набавки | Јули/Август/Септември |
| 43 | Тест класа 4 (трошоци) | Јули/Август/Септември |
| 44 | Тест класа 3 (набавка на материјали) | Јули/Август/Септември |
| 45 | Тест класа 0 (основни средства) | Јули/Август/Септември |
| 46 | Подобрување на набавки на резервни делови | Јули/Август/Септември |
| 47 | Тестирање на ценовници | Јули/Август/Септември |
| 48 | Ревизија на сестрински фирми (АМ ЦЕРТ) и (АМ Брокер) | Јули/Август/Септември |
| 49 | Процедура за маркетинг | Јули/Август/Септември |
| 50 | Процедура за набавка | Јули/Август/Септември |
| 51 | Тестирање на сите упатства и образци кои се однесуваат на овие процедури и записи | Јули/Август/Септември |
| 52 | Сметководство | Октомври/Ноември/Декември |
| 53 | Тест на книжење по организациски единици | Октомври/Ноември/Декември |
| 54 | Архива | Октомври/Ноември/Декември |
| 55 | Осигурување | Октомври/Ноември/Декември |
| 56 | Процедура за управување и контрола. Разгледување на несреќи. Мониторинг | Октомври/Ноември/Декември |
| 57 | Процедура за управување со отпад | Октомври/Ноември/Декември |
| 58 | Процедура за планирање и постапување на случај на незгода или вонредна состојба | Октомври/Ноември/Декември |
| 59 | Процедура за одржување на опрема, средства, објекти и инсталации | Октомври/Ноември/Декември |
| 60 | Процедура за управување со документацијата | Октомври/Ноември/Декември |
| 61 | Процедура за обука на кадри | Октомври/Ноември/Декември |

| | | |
|---|---|---|
| 62 | Процедура за идентификација на аспекти и утврдување на значајни аспекти и проценка на ризикот при работа | Октомври/Ноември/Декември |
| 63 | Процедура за пратење и мерење | Октомври/Ноември/Декември |
| 64 | Тест парични сретства | Октомври/Ноември/Декември |
| 65 | Тест ДДВ | Октомври/Ноември/Декември |
| 66 | Тест кредити депозити и лизинг | Октомври/Ноември/Декември |
| 67 | Тест процес залихи | Октомври/Ноември/Декември |
| 68 | Тестирање пописи на залихи | Октомври/Ноември/Декември |
| 69 | Тестирање на старостна структура на залихи | Октомври/Ноември/Декември |
| 70 | Тестирање отпис на залихи во процес на сервис | Октомври/Ноември/Декември |
| 71 | Тестирање на магацинското работење | Октомври/Ноември/Декември |
| 72 | Тест процес плати | Октомври/Ноември/Декември |
| 73 | Процедура за евиденција на работно време и отсуства | Октомври/Ноември/Декември |
| 74 | Тест меморандуми за соработка | Октомври/Ноември/Декември |
| 75 | Тестирање на сите упатства и образци кои се однесуваат на овие процедури и записи | Октомври/Ноември/Декември |

Извештаите за извршените ревизии заедно со акционите планови се доставуваат до Преседател на Управен Одбор, Надзорен одбор и до раководителите на Секторот во кој се врши ревизија.

Акционите планови се од интерен оперативен карактер и во нив детално се изнесени идентификуваните слабости – наоди, препораки , рокови, одговорни лица за имплементација на дадените препораки.

Истите и служат на Службата за внатрешна ревизија во постапките за редовна проверка на статусот за имплементација на препораките во соработка со надлежните организациони единици.

### 3. Оценка на адекватноста и ефикасноста на системите на внатрешна контрола

Внатрешната контрола претставува континуиран процес на активности кои се спроведуваат од страна на сите нивоа во Акционерското Друштво, органите на управување, менаџментот и сите вработени за да се обезбеди постигнување на следните цели:

- Изработка на навремени и точни финансиски извештаи
- Зголемување на економичност, ефикасност и ефективност на севкупното работење
- Усогласеноста со интерните политики на друштвото и законските пропоиси кои се однесуваат на него.

Внатрешната ревизија при потврдување на адекватноста и ефикасноста на системот на интерна контрола се раководеше од најзначајните компоненти и цели и тоа:

- Дали процесите и активностите кои беа предмет на ревизија се регулирани со интерни политики и процедури и дали истите се во согласност со законската регулатива
- Дали е воспоставена правилна поделба на овластувањата и одговорностите во рамките на процесите и активностите кои беа предмет на ревизија

- Дали процесите и активностите се адекватно подржани од информатичкиот систем на Акционерското Друштво
- Дали системските контроли во апликативните решенија се доволни, сигурни и безбедни за да се спречат намерни и ненамерни грешки и доволно ефикасни за да ги минимизираат ризиците во работењето
- Дали системот на интерна контрола овозможува препознавање и проценка на значајни ризици на кои е изложено Акционерското Друштво.
-

**Мислење:**

Врз основа на извршените поединечни ревизии може да изразиме разумна сигурност дека најголем број од контролите кои се непоходни за да се пресретнат клучните ризици во Друштвото се воспоставени и функционираат.

Од преземените ревизорски активности, утврдените состојби и факти врз основа на податоци по случаен избор постои разумно уверување дека работењето во Друштвото се одвива според законската регулатива.

Во поединечните ревизии каде беа идентификувани слабости во системот на интерни контроли, предложени се препораки за надминување на истите, кои беа предмет на континуирано следење, во насока на спроведување на препораките.

**4. Наоди, предложени мерки и нивно спроведување**

Службата за Внатрешна ревизија редовно ги презентираше наодите и препораките во извештаите кои беа доставувани до Надзорниот Одбор на Друштвото. Исто така ревизијата ја следеше имплементацијата на предложените препораки.

Констатацијата до која дојде Внатрешната ревизија како резултат на следење на реализацијата на дадените препораки генерално укажуваат дека препораките се почитуваат и спроведуваат, а за мал дел имплементацијата е во тек, што значи нема негативни коментари или посериозни забелешки во поглед на наодите и препораките.

Исто така беше констатирано дека доставувањето на одговор за реализација на препораките предложени во текот на годината која измина е со незначително задоцнување.

**5.Останати активности на внатрешната ревизија**

Од страна на Службата за внатрешна ревизија беа релизирани предвидените редовни ревизии согласно Годишниот план за работа на Службата за внатрешна ревизија за 2022 година. Беа изработени потребните акциони планови за секоја поединечна ревизија во која беа наведени препораки, како и вонредна контрола по барање на раководителите.

Службата ги следеше измените на сите законски прописи кои се однесуваат на работењето на Акционерското Друштво, како и релизирање на дадените препораки во поединечните извештаи.

Службата за внатрешна ревизија имаше соработка со консултанти од кои беа добиени насоки за извршување на ревизијата. За одредени стручни прашања ревизијата беше консултирана и даваше стручни мислења и совети на раководните лица и на вработени во Друштвото.

Во периодот од 01.01.2022 до 31.12.2022 интерниот ревизор како член на Институтот за интерни ревизори, посетуваше семинари за континуирана обука организирани од Институтот на интерни ревизори на РМ во соработка со професионални домашни и странски институции.

**АУТОМАКЕДОНИЈА АД СКОПЈЕ**
***м-р Илија Хаџи-Ангелевски, дипл. Екон.***
***Внатрешна ревизија***

| опис | Јануари | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 | 19 | 20 | 21 | 22 | 23 | 24 | 25 | 26 | 27 | 28 | 29 | 30 | 31 |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| **Q1** | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| **Бизнис план (Одговорни лица: Христина Ружиновска)** | | | x | x | x | | | | | x | x | x | x | x | | | x | x | | x | x | | | | | | | | | | |
| Конфирмации на салда (Одговорни лица: Христина Ружиновска) | | | x | x | x | | | | | x | x | x | x | x | | | x | x | | x | x | | | | | | | | | | |
| Тест конфирмации од добавувачи | | | x | x | x | | | | | x | x | x | x | x | | | x | x | | x | x | | | | | | | | | | |
| Тест конфирмации од купувачи | | | x | x | x | | | | | x | x | x | x | x | | | x | x | | x | x | | | | | | | | | | |
| Процедура за управување со записи (процедурата се повторува во Q2 и Q3) (Одговорни лица: - Мирјана Јанкуловска, Архива (сите надворешни записи)<br>- Стефан Тевдовски, општ и правен сектор<br>- Ирина Мисаиловска, МИС (мен.интегрирани.системи ISO 9001/14001/45001 – записи од системите) | | | x | x | x | | | | | x | x | x | x | x | | | x | x | | x | x | | | | | | | | | | |
| **Процедура за следење на законски прописи (процедурата се повторува во Q2 и Q3) (Одговорни лица: Стефан Тевдовски)** | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | x | x | x | x | x | | | x |
| Процедура за воспоставување на општи и посебни цели и програми (Одговорни лица: Христина Ружиновска) | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | x | x | x | x | x | | | x |
| Процедура за планирање  (процедурата се повторува во Q2 и Q3) (Одговорни лица: - Игор Илиевски, Ген.дир.<br>- Христина Ружиновска, Фин.дир) | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | x | x | x | x | x | | | x |
| Процедура за преиспитување (процедурата се повторува во Q3) (Одговорни лица: - Ирина Мисаиловска, МИС (мен.интегрирани.системи ISO 9001/14001/45001) | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | x | x | x | x | x | | | x |
| Процедура за сервисирање на возила (Одговорни лица: Дејан Стефановичќ) | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | x | x | x | x | x | | | x |
| Процес реализација (Одговорни лица: (возила) - Биљана Јанчевска; (сервис) - Дејан Стефановиќ; (Комерцијала) - Драган Илиевски) | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | x | x | x | x | x | | | x |
| Процедура за продажба (Одговорни лица: (возила) - Биљана Јанчевска; (сервис) - Дејан Стефановиќ; (Комерцијала) - Драган Илиевски) | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| **Продажба на сервисни услуги ( Одговорни лица: Дејан Стефановиќ)** | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Цени  (Одговорни лица: (возила) - Биљана Јанчевска; (сервис) - Дејан Стефанович; (Комерцијала) - Драган Илиевски) | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Процедура за планирање и развој на нова услуга (процедурата се повторува во Q2 и Q3) (Одговорни лица: - Игор Илиевски, Ген.дир.<br>- Дејан Стефановиќ, дир. Сервисни центри<br>- Билјана Јанчевска, мен. продажба возила и маркетинг) | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Процедура за комуникација (процедурата се повторува во Q3) (Одговорни лица: Одговорен за спроведување на оваа процедура е Менаџерот на интегрираниот систем за менаџмент (МИС) – Ирина Мисаиловска,<br>но во соработка со сите вработени и раководни лица / директори,<br>вклучително Генералниот директор на Аутомакедонија АД Скопје) | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
